**НАЦРТ**

Врз основа на член 22, став 1, точка и 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на _.11.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година

### I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на превентивната и примарната здравствена заштита;
- Изнаоѓање форми за промовирање на превентивната заштита и едукација;
- Изнаоѓање форми за едукација од епидемиски и пандемиски заболувања;
- Подобрување на здравјето на граѓаните;
- Создавање услови за поквалитетни здрав живот на децата и младите во локалната заедница;

### II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита ќе бидат насочени кон поттикнување на превентивата, организирање едукативни предавања за заштита на здравјето, прегледи на населението во градот и населените места во функција на рано откривање на одредени заболувања, помагање за остварување на целите на оваа Програма.

| | **ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА<br>Активности на Општина Велес за 2026 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **200.000,00** |
| 1.1. | Здравствени прегледи на вработени во општинска администрација | 100.000,00 |
| 1.2. | Здравствени прегледи на вработени во ТППЕ | 100.000,00 |
| **2** | **ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ** | **3.201.000,00** |
| 2.1. | Третирање против возрасна форма на комарци | 2.500.000,00 |
| 2.2. | Ларвицидно третирање | 150.000,00 |
| 2.3. | Дератизација и дезинсекција на јавни површини и јавни објекти во надлежност на општината | 500.000,00 |
| 2.4. | Надзор врз спроведувањето на општи мерки за заштита на населението од заразни болести | 51.000,00 |
| **3** | **ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ СО ИНСТИТУЦИИ, НВО** | **150.000,00** |
| 3.1. | Активности на Совет за јавно здравје | 50.000,00 |
| 3.2. | Климатска рехабилитација (Здружение на лица со церебрална парализа и други попречености и Друштво на родители за грижа за здраво поколение) | 100.000,00 |
| **4** | **БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ** | **3.100.000,00** |
| 4.1. | Оперативен трошок за функционирањена Регионалниот центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство | 2.100.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | во ВПР (јануари-декември) | |
| 4.2. | Заловување и стручен третман на кучиња скитници и нерегистрирани кучиња | 1.000.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **6.651.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравствената заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2026 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и Здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од областа на здравството за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

- Ресорното министерство;
- Бизнис заедницата, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
- Други извори.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес” и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

## О б р а з л о ж е н и е

Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2026 година, е првично планирање на активностите во оваа област, а конечната Предлог-програма ќе содржи во себе и забелешки, сугестии и насоки што ќе произлазат од Советот на Општина Велес и јавните расправи со институциите, граѓанските организации и месните и урбани заедници.

Во првичното планирање на мерките и активностите кои ќе бидат спроведени во 2026 година се земени во обзир законските обврски, реализација од предходна година, анализа на состојби од наша службена евиденција.